РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# Стратегија

# за имплементација на заедничкиот транзитен систем на ЕУ во Република Македонија

Ноември 2010 година

## Референтни документи

| Реф. | Референца | Назив | Верзија |
|---|---|---|---|
| R01 | NCTS_CAFAO_HELPDESK | Helpdesk услови и пракса | 1.00 |
| R02 | TCE-TTSS-L1DOC-P32 | Спецификација за технички транзитен систем за фаза 3.2 | 1.00 |
| R04 | DDNTA | Нацрт документ за национална транзит апликација | 8.10 |
| R05 | DDCOM | Нацрт документ за заеднички операции и методи | |
| R06 | TCE-STSS-L1DOC-P32 | Спецификација за сигурност на транзит системот за фаза 3.2 | 1.00 |
| R07 | TCE-SCP-L1DOC-P32 | Опсег на NCTS фаза 3.2 & CDTA | 1.80 |
| R08 | FTSS-NCTS Addendum | Функционални спецификации на транзит системот 4.00 променети како во Corigendum 1/2007 | 4.00 |
| R09 | | Стратегија за имплементација на интероперативност во Царинската управа на РМ (Март 2010) | 1.0 |
| R10 | | **ICT СТРАТЕГИЈА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА (АПРИЛ 2010)** | 1.0 |
| R11 | CRIS Number: 2007/19297 | IPA проект за царина-Поддршка за имплементација на царинската реформска стратегија | |
| R12 | CRIS Number: 2008/20-311 | IPA Проект за царина – Интероперативност на IT системот на царинската администрација со ЕУ | |
| R13 | GMR-002-2008-12 | Проценка на административниот капацитет од IT областа и состојба на подготвеност за интерконекција и интероперативност со IT системите за царина и таксација на ЕУ | 1.7 |

**Табела бр.1: Референтни документи**

## Кратенки и акроними

| Акроними | Опис |
|---|---|
| ЦАРМ | Царинска Управа на Република Македонија |
| CCN/CSI | Заедничка комуникациска мрежа/Заедничка системска поврзаност |
| CCN/TC | Заедничка комуникациска мрежа-Технички центар |
| CDCA | Централно развиена царинска апликација |
| CDPS | Систем за процесирање на царински декларации |
| CDTA | Централно развиена транзитна апликација |
| COL | Царинска канцелариска листа |
| COM | Комисија на ЕУ |
| CS | Централен Сервис |
| CS/MIS | Централен Сервис / Систем за менаџирање со информации |
| CS/RD | Централен Сервис / Референтни податоци |
| DDNTA | Нацрт документ за национална транзитна апликација |
| ECS | Контролен систем за извоз |
| ECG | Електронска царинска група |
| ECN | EDI CSI Node |
| ECN+ | EDI/CSI Node Plus |
| EDI | Електронска размена на податоци |
| EDIFACT | EDI за администрација, комерција и транспорт |
| FTSS | Спецификација на функционален транзит систем |
| IT | Информациска технологија |
| MCA | Македонска царинска администрација |
| MRN | Референтен број за движење |
| MS/CC | Земја членка или кандидат (EU/EFTA/трета земја) |
| NCTS | Нов компјутеризиран транзитен систем |
| NDTA | Национално развиена транзитна апликација |
| OLAF | Европска канцеларија за борба против криминалот |
| SAD | Единствен царински документ |
| STTA | Стандарднда транзит тест апликација |
| TIR | Transports Internationaux Routiers |
| ToR | Terms of Reference |
| TTA | Тестирање на транзитна апликација |
| XML | Проширен Mark-up јазик |

Табела 2: Кратенки и акроними

# 1. Вовед

Целта на овој документ е да ја презентира NCTS[1] стратегијата и Националниот проектен план за имплементација на Заедничкиот транзитен систем на ЕУ и NCTS во Република Македонија и чекорите кои што ќе бидат преземени од Царинската управа на Република Македонија за успешна имплементација на NCTS и постигнување на целосна усогласеност со Заедничкиот транзитен систем.

Република Македонија е придружен член на Конвенцијата за заеднички транзит, и во првиот квартал на 2011 година ќе поднесе барање за полноправно членство, односно пристапување, кон Конвенцијата за заеднички транзит.

# 2. ОСНОВА

## 2.1. Резултати од годишната евалуација на законодавството

Во поглавје 29: Во Царинска унија е наведен обврзувачки услов за членство во ЕУ - целосна имплеменација на барањата на транзитните процедури на заедницата, вклучувајќи и развивање на автоматизиран транзитен систем што е компатибилен со Новиот компјутеризиран транзитен систем (NCTS). Интерконектираност со NCTS оперативен во ЕУ и другите договорни страни од Конвенцијата за заеднички транзит, е предуслов за зачленување од областа на царината. **Земјата кандидат мора да е потполно компатибилна со NCTS најмалку една година пред пристапувањето.** Исто така, ако Рапублика Македонија сака да се приклучи кон Конвенцијата за заеднички транзит пред зачленувањето во ЕУ, истите услови поврзани со транзитот треба да се исполнат (целосна и сигурна имплементација на сите заеднички транзитни постапки и потполно функционален NCTS).

Договорот за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Македонија од една страна и Европската Заедница и нејзините земји членки од друга страна, во членот 88 за царина вели дека целта на соработката е да се гарантира усогласеност на сите прописи предвидени за усвојување од областа на трговијата и да се постигне сличен царински систем во Република Македонија на тој во ЕУ, и со тоа да се помогне за отварање на патот за мерките за либерализација планирани во договорот. Овој член ги нагласува „поедноставувањето на контролите и формалностите поврзани со превозот на стоки и поддршката за воведување на современите царински информациски системи", како и „можноста за интерконекција меѓу транзитниот систем на Заедницата и на Република Македонија".

[1] New Computerized Tranzit System

Во август 2007 Владата на Република Македонија официјално ја искажа намерата за придружување кон Конвенцијата аа заеднички транзитни постапки и кон Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата со стоки од мај 1987. Оваа намера го искажа интересот за приклучување кон заедничките транзитни процедури, и претставува и практично подготвување за усвојување и имплементација на соодветната легислатива.

Заедничкиот Комитет на ЕС-EFTA во декември 2007 даде согласност на Република Македонија за доделување на статус на набљудувач во Заедничкиот Комитет и работните групи на Конвенцијата за заеднички транзит.

Во рамките на Царинската управа на почетокот на 2008 година се формира проект тим за имплементација на NCTS. Членовите на овој проект тим активно го следат развојот и активностите на работните групи од Конвенцијата за заедничка транзитна постапка.

Покрај ова, подготвени се и студија за имплементација на NCTS и нацрт правилник за заедничкиот транзитен систем.

## 2.2 ЕУ поддршка за Република Македонија

За време на изведувањето на програмата CAFAO-MAC, проект финансиран од CARDS до крајот на 2007, се презедоа активности со цел да се подигне свеста и да се подготви легислатива за транзитните постапки во ЕУ. Легислатива компатибилна со легислативата за транзит на ЕУ беше подготвена. Имајќи ја предвид важноста на царинските реформи за понатамошниот развој на државата во борбата против корупцијата и важноста за економскиот развој и определбите на ЕУ за поддршка на овој процес истакнати во Договорот за стабилизација и асоцијација и во годишните извештаи за напредок, континуитетот на помош на ЕУ кон Царинската управа е потврден. Со цел да се одржи напредокот и развојот, се разгледа понатамошна помош.

Во рамките на програмскиот круг IPA 2007, земајќи ги предвид условите за приклучување кон заедничката транзитна конвенција, Царинската управа подготви основа за проект за „Поддршка за имплементација на реформската стратегија во царината", имајќи општа цел да постигне понатамошно усогласување со Acquis во областа од царината, и да го зајакне административниот капацитет на Царинската управа, како и нејзиниот капацитет за исполнување на барањата на ЕУ од оваа област. Целта на проектот е да помогне и осигура дека Царинската управа ќе биде во состојба да ги исполни обврските кон ЕУ и дека во одреден момент ќе може да функционира нормално

во единствениот пазар. Идејата на проектите е да придонесат за изградување на професионална царинска администрација што е способна соодветно да ги имплементира реформите, вметнувајќи ги регулативите и праксата во ЕУ. Проектот се состои од три компоненти:

1. ***Хармонизација на царинското законодавство со Acquis*** и најдобри практики како главна компонента од општата цел *„да се воспостави сигурна и модерна законска основа за работата на царината"*;
2. ***Зајакнување на граничната контрола*** како важна компонента од целата активност за *„Зајакнување на капацитетот на Царинската управа на РМ во борбата против измами, корупција и трговија со дрога"* со ревизија на граничните царински постапки, со посебен акцент на „надворешните ЕУ граници", и примена на модерни контролни и истражни техники.
3. ***Усовршување на царинскиот IT систем*** со цел да се зголеми оперативната ефикасност, да се намали корупцијата и да се постигне целосна усогласеност, особено на интерконективноста, со стандардите на ЕУ.

## 2.3 Техничка евалуација

### 2.3.1 Мисија за IT познавање 2007

**Мисија за IT познавање беше спроведена од DG TAXUD во Мај 2007,** со цел да се објасни потребата за интерконективност во различни области од царинското работење. Мисијата ги опиша главните IT пореби за доближување кон полето на транзитот. Главни заклучоци на мисијата беа носење на бројни технички, функционални и организационални одлуки пред да се отпочне со подготовките за IT интерконекција, како:

а) Одлука за идниот систем за обработка на царински декларации (CDPS) (особено во областа на обрските за интерконекција),
б) Распоредување на соодветни човечки ресурси за да ги дефинираат, подготват и менаџираат суштинските проекти за приклучување, и
в) Да се определи администрација во Република Македонија која ќе биде одговорна за CCN порталот.

Техничките и корисничките барања за CDPS се создадени преку проект за техничка поддршка финансиран од CARDS. Техничките и функционалните спецификации се изработени и тендерот е објавен во септември 2008. Изведбата започна во Јануари 2009 и се очекува новиот систем да влезе во функција кон крајот на 2010.

### 2.3.2 IT мониторинг мисија 2008

IT мониторинг мисијата за „Проценка на административниот капацитет во IT областа и состојбата на подготвеност за интерконекција и интероперативност со царинските и даночните IT системи на ЕУ“, спроведена во ноември 2008 од претставници на DG TAXUD, имаше за цел да го одреди совпаѓањето на легислативата со Acquis барањата за земјите кандидати, за да се во можност да се интерконектираат со царинските и даночните системи на Европската Заедница, и од неа произлегоа следниве забелешки и препораки во врска со понатамошниот напредок на националниот CDPS и NCTS, вклучувајќи ги и CCN/CSI поврзувањата:

<u>A) За NCTS:</u>

Забелешки:

- Единствениот цармински документ употребуван преку софтверот ASYCUDA++ се уште не е усогласен со електронскиот единствен цармински документ кој се поднесува во ЕУ. Заради ова, и транзитните цармински декларации исто така не се усогласени.
- Транзитните декларации ќе се поднесуваат и обработуваат во новиот CDPS. Предвидено е системот да биде компатибилен со NCTS (фаза 4.0 или понова според ToR).
- Се вршат измени во законодавството, со намера понатамошно усогласување со истото на ЕУ.

Препораки:

→ Јасно прашање што треба да се реши на ова ниво е Законот за заштита на податоците, и сопственоста на податоците и условите за пристап мора да се јасно дефинирани и применети.

→ Проектот за развој на NCTS (во рамките на IPA 2008) мора да биде јасно разграничен од CDPS во смисла на одговорност, содржина и асистенција.

Мерките за безбедност и заштита во транзитната постапка (дозволувајќи усогласување со NCTS V4.0) се предвидени како “посакуван аспект“, но нивното нереализирање води кон усогласување на CDPS со NCTS V3.2 со што нема да биде возможно да се тестира со тестовите за усогласеност. Силно се препорачува овие мерки да се сменат во “неопходен аспект“.

<u>B) За CCN/CSI</u>

Забелешки:

- Моментално земјата нема потреба од CCN поврзаност, но постои свест за оваа потреба кај царинската и даночната администрација

- Потребата од CCN ќе стане од голема важност само кога ќе биде донесена политичка одлука во врска со членството во Заедничката транзитна конвенција (доколку ова би се случило пред датумот на пристапување).

Препораки:

- Планирањето на имплементацијата на CCN мрежната конекција (портали) треба да е подготвена и поставена во согласност со општото планирање за имплементација на интерконекцијата.
- Нема потреба од инсталирање на портали пред да се изведат тестовите за усогласеност во царината и Управата за јавни приходи.
- Во секој случај, владата треба да донесе политичка одлука во врска со поставувањето и функционирањето на CCN порталот во Царинската управа или во Управата за јавни приходи.

# 3. МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

## 3.1 Транзитен модул на CDPS

Царинскиот систем за обработка на царински декларации (CDPS) беше идентификуван како еден од трите главни столбови на IT стратегијата и беше приоритет за време на мисијата на DG TAXUD во мај 2007. Како резултат од анализата на системот во употреба (Asycuda ++), кој е застарен систем и технологија, со проблеми со базата на податоци, проблеми со поврзаноста на царинските испостави, итн, беше одлучено да се имплементира целосно нова апликација.

Главни делови на CDPS се следниве:

1. Главни апликации-модули:
   а) Транзит
   б) Извоз
   в) Увоз
2. Споредни апликации:
   а) Авторизации
   б) Систем за управување со гаранции
   в) Систем за анализа на ризик и селективност
   г) TARIM (TARIC).

Главниот елемент на CDPS е да се постават потребните услови за транзитната постапка врз основа на спецификациите (на функционално и техничко ниво) кои

се соодветни и усогласени со заеднички прифатените спецификации на ЕУ за транзитната постапка (NCTS) каде што:

- Употребата на напредни компјутерски системи и електронското процесирање на податоци, меѓу другото, ќе обезбеди поефикасен менаџмент на транзитните постапки од хартиениот систем и ќе ја подобри ефикасноста на царинските контроли, особено на оние што се поврзани со ограничувањата на транзитот и транспортот на стоки, како и на ефикасноста во борбата против криминалот во овие области;
- Новите компјутеризирани процедури базирани на употреба на модерна информациска технологија и електронска размена на податоци (EDI) се поддржани со приспособени законски прописи за да овозможат процедурална, техничка и законска сигурност и за можни потреби на безбедноста, ако е неопходно. Во врска со општата и сеопфатна употреба на ваков систем во царината, сите системски поврзани процедури што не влијаат директно на трговската заедница, треба да се водат според пропишани правила;
- Повеќето од продуктите добиени и/ или создадени во контекст на транзитниот режим (NCTS) за размена на пораки преку заедничкиот домеин (во ЕУ-ЕФТА заедничката транзитна постапка) повторно ќе се употребуваат и по приклучувањето на Република Мекедонија во ЕУ за да се ограничат ресурсите и времето прифатливо за сите учесници вклучени во процесот; и
- Република Македонија ќе биде поврзана со државите од ЕУ и ЕФТА преку зедничка мрежа со цел размена на NCTS стандардни податоци во реално време.

## 3.2 Техничка поддршка во рамките на IPA 2008

Како една од стратегиските цели, за време на програмскиот круг IPA 2008, во 2007 имајќи ги предвид важноста, комплексноста, искуството и практичните примени на членките на ЕУ (особено тие од последните две проширувања) како и земјите кандидатки за членство во ЕУ, беше одобрен проектот „Интероперативност на IT системот на Царинската управа со IT царинските системи на ЕУ“. Овој проект има широка цел за поддршка на земјата во процесот на исполнување на пред-пристапните услови за ЕУ, поврзани со пристапување кон Конвенцијата за заедничка транзитна постапка, вклучувајќи ја поддршката за имплементација на Новиот компјутеризиран транзит систем (NCTS), Заедничката комуникациска мрежа и Заедничката системска поврзаност (CCN/CSI).

Целта на проектот е да го зајакне оперативниот капацитет на Царинската управа во согласност со стандардите на ЕУ, главно во областа од царинската

транзитна контрола, за да се обезбеди целосна компатибилност и интероперативност на CARM Системот за информациска и комуникациска технологија (ICT) со NCTS и да се постигне потполна интерконектираност со Европската Унија/DG TAXUD системите, овозможувајќи размена на податоци преку Заедничката комуникациска мрежа и Заедничката системска поврзаност (CCN/CSI) инфраструктура.

Имплементацијата на проектот предвидува дека на Република Македонија ќе и се помогне во исполнувањето на условите за приклучување кон Конвенцијата за заеднички транзит како резултат на воспоставување на целосна интероперабилност на NCTS. Подготовката за имплементација на проектот е во напредната фаза. Соопштението за индивидуални договори за услуги за компонентите 1 и 2 беше објавено кон средината на декември 2009. Повикот за предлог проект се оценува од средина на април 2010. ToR  е подготвен и прифатен во март 2010.

Со сегашната организација и структура, Царинската оправа воспостави Одделение за транзит и гранични формалности. Составувањето на персоналот за овој оддел е во тек и наскоро ќе биде комплетирано. Исто така, IT персоналот посветено работи и е вклучен во поддршката за имплементација на ЕУ транзит и NCTS.

### 3.3 Национална ICT стратегија

Стратегиите обезбедуваат преглед на политичките одлуки и целите што треба да се постигнат од страна на ICT за сите што се заинтересирани. Овој документ вклучува опис на идните системи што треба да се развијат, што воглавно се состои од системи кои се потребни за исполнување на процесот за членство во ЕУ. Хронолошки, прв ќе биде развиен NCTS поврзан со транзитниот модул на новиот национален CDPS. Новиот национален CDPS, компатибилен за поврзаност со ЕУ системите, е во тек на имплементација и кон крајот на 2010 ќе биде целосно имплементиран.

Во април 2009 Владата на Република Македонија донесе одлука за формирање на меѓуагенциски управувачки Комитет и работни групи за хармонизација на националните царински процедури со правото на ЕУ вклучувајќи ја транзитната легислатива, како и IT интерконекцијата со IT системите на ЕУ. Членови на управувачката група се претставници од министерствата и другите државни институции што ќе учествуваат во воспоставувањето на  NCTS.

Во јули 2009 Владата на Република Македонија ја назначи Царинската управа да го води поставувањето и одржувањето на комуникацискиот портал со Европската

Комисија и земјите членки на ЕУ - Заедничка комуникациска мрежа и заеднички систем на поврзаност (CCN/CSI), со тоа исполнувајќи еден од условите за приклучување кон Заедничката транзитна Конвенција, интерконекција на електронскиот CDPS на РМ со соодветни системи на Европската унија и Европската комисија, како и интерконекција со NCTS на ЕУ. Европската Комисија беше навремено известена за оваа одлука.

Во септември 2009, беа набавени IT хардверот и сите потребни лиценци за оперативните системи и за софтверските системи за базите на податоци, преку национално финансирање. Набавките ги изврши Царинската управа, а опремата беше инсталирана и тестирана.

Ажурирана е ICT Стратегијата на Царинската управа, со главна цел идна модернизација на операциите и организацијата на работата без хартија (електронски декларации) и интероперативност и интерконекција со Европските системи. Освен препораките дадени од експертите на DG TAXUD, кои станаа интегрален дел од стратегијата, исто така се вклучени сегашните состојби, како и промените во MASP (Повеќе-годишен стратегиски план), и Акционен план за активностите планирани за 2010. Ажурираниот ICT стратегиски документ беше завршен кон средината на април 2010 и беше испратен за коментари до Европската Комисија, DG TAXUD.

### 3.4 Национална стратегија за интерконектираност и интероперативност (IIS)

Национална стратегија за интерконективност и интероперативност (IIS) ги рефлектира содржините од овој документ - Стратегија за NCTS и порталот како прва компонента од стратегијата, и исто така ги опишува главните карактеристики на Програмата за интероперативност, предлага рамка и специфицира услови за постигнување на успешна имплементација на проекти.
Конкретни цели на овој документ се:

- Предлог за опсегот и целите на програмата за интероперативност;
- Опис на организирањето на проектите и дефиниција на улогите и одговорностите на учесниците;
- Процена на временските рокови и потребите од ресурси.

Ажурираната Национална стратегија за интерконеконекција и интероперативност беше завршена кон средината на април 2010 и беше испратена за коментари до Европската Комисија, DG TAXUD.

# 4. ОПШТ ПРИСТАП

Врз основа на претходните активности, опишани во дел 3, следните чекори ќе бидат преземени за имплементација на заедничкиот транзитен систем во Република Македонија:

## 4.1. Хармонизација на националното царинско законодавство со законодавството на ЕУ

Легислативата што се применува во областа на царината се Царинскиот закон и Уредбата за спроведување на царинскиот закон, кои се применуваат од јануари 2006. Македонското царинско законодавство е добро усогласено со acquis, но сепак е неопходно понатамошно усогласување. Анализите од разликите во законодавството ќе бидат проследени со комплет од нацрт закони хармонизирани со постоечкото законодавство на Европската Заедница. Посебно значење и внимание ќе му се посвети на законодавството за електронско поднесување на царински декларации како стандардна постапка во согласност со MCC. Системот за управување со авторизации, вклучувајќи ги поедноставените постапки поврзани со националните транзитни постапки ќе биде исто така хармонизиран. Ќе се развијат интерни упатства за имплементација на компјутеризираниот транзитен систем, вклучувајќи интерни упатства за Системот за управување со гаранции, како и неопходните измени на прирачникот за транзитна постапка.

## 4.2. Развој и имплементација на комјутеризираниот систем за национална транзитна постапка (NTA)

Еден од првите модули на CDPS што ќе биде промовиран и имплементиран е транзитниот модул, т.е националната апликација за транзит (NTA). Активностите за имплементација на CDPS вклучуваат развој и имплементација на систем за авторизации, како под-апликација во CDPS овозможувајќи online и автоматска идентификација на операторите преку нивните електронски потписи, како и online и автоматски мониторинг на поедноставените постапки на овластен испраќач и овластен примач. Системот за управување со гаранциите во транзит како под-апликација на CDPS, ќе допринесе за IT поддршка на законските промени, со тоа за усогласување на оперативните капацитети со постоечките во ЕУ. Постоечкиот IT help desk ќе постане национален CDPS help-desk за подобро работење и асистенција, како логистика на секојдневните операции.

## 4.3. Имплементација на Заедничкиот транзитен систем

**Заедничкиот транзитен систем**, вклучувајќи го развивањето и имплементацијата на NCTS, ќе биде реализиран преку серија на активности во области на поставување на национална транзитна апликација во согласност со

Конвенцијата за заеднички транзит. Ова ќе помогне при контролата и менаџментот на движење на стоките, преку електронска размена на трансакциски информации меѓу земјите членки на СТС. Исто така ќе ги воспостави неопходните организационални и процедурални промени за да системот функционира успешно и ефективно. Имплементиран и функционален ќе биде CCN/CSI или алтернативно портално решение.

Очекувани резултати:

- Царинската управа е оспособена со неопходен капацитет за:
  - Да го користи и менаџира NCTS и порталната апликација, вклучувајќи управување со базата на податоци;
  - Да дава поддршка на Help Desk-от и одржување на системите;
  - Да и дава препораки на трговската заедница.

- Приспособени/развиени и тестирани потребните модули и функционалности на NTA во согласност со потребите на NCTS.
- Воспоставена и функционална конективна мрежа со портален систем меѓу Царинската управа и Управата за јавни приходи.

Мерливи показатели:

- Обучен бизнис и IT персоналот на Царинската управа и со тоа компетентен во користењето на NCTS оценето според број на барања за поддршка од Help Desk-от;
- Инсталирана, тестирана и функционална IT опрема;
- Имплементирана NCTS фаза 4 или следна, исклучувајќи го трговскиот модул;
- CCN/CSI, или воспоставена алтернативна портална инфраструктура;
- Имплементирани ЕУ стандарди и формати за размена на информации;
- Интегрирани NCTS податоци во националниот контролен систем.

## 5. ТЕХНИЧКИ ПОДГОТОВКИ ЗА NCTS

Финансискиот договор за имплементација на финансиите од IPA 2008 беше потпишан во февруари 2009 година. Царинската управа според предвиденото во 2008 за проектот Интероперативност на IT системите на CARM и IT системите на царините на ЕУ ќе ги искористи финансиите како поддршка на процесот за исполнување на условите на ЕУ за припојување кон Конвенцијата за заедничка транзитна процедура, вклучувајќи поддршка на имплементацијата на новиот компјутеризиран транзит систем (NCTS) и интерконекција со Заедничката комуникациска мрежа и Заедничкиот систем на поврзаност (CCN/CSI).

<u>Проектот се состои од три компоненти:</u>
Компонента 1 – Менаџерска поддршка за имплементација на NCTS;
Компонента 2 – Имплементација на NCTS
(a) Усовршување на Националната транзитна апликација, и
(b) Развој на софтвер, и
Компонента 3 – Имплементација на CCN/CSI.

### 5.1 Менаџерска поддршка за имплементацијата на NCTS

Општата цел на менаџерската поддршка за имплементација на NCTS е поддршка на Царинската управа во областите на проект менаџментот, обезбедување на квалитет и контрола на квалитетот во комбинација со развојот и имплементацијата на NCTS и CCN/CIS системот. Во поддршката ќе бидат вклучени менаџментот на сите бизнис и функционални аспекти на имплементацијата на системите што му претходат и го поддржуваат NCTS. Понатаму ќе биде дадена поддршка при прегледот и изготвувањето на препораки за неопходни промени во законодавството и во оперативните постапки за да се олесни функционалноста на NCTS. Исто така ќе се обезбеди поддршка при изработка на TOP и техничките спецификации во врска со хардверот, системскиот софтвер и апликацискиот софтвер што може да е потребен заедно со имплементацијата на NCTS.
Оваа поддршка ќе го покрие менаџментот на сите бизнис и функционални аспекти на системските имплементации што го опкружуваат воведувањето во новиот компјутеризиран систем.

### 5.2 Имплементација на NCTS, усовршување на националната транзитна апликација и развивање на софтверот

Активностите од оваа компонента ќе ги зајакнат оперативните капацитети на Царинската управа во согласност со ЕУ стандардите, за да се осигура целосна компатибилност и интероперабилност на царинскиот IT систем со NCTS и да се постигне целосна интерконекција со Европската Унија/ DG TAXUD системите, овозможувајќи размена на податоци со помош на Заедничката комуникациска мрежа и Заедничкиот систем на поврзаност (CCN/CSI).

За време на процесот ќе бидат превземени следниве активности:

- Тестирани, прифатени и имплементирани промени во дизајнот и развојот на CDPS за NCTS – фаза 4 или следна.
- Креирање и развој на CDPS модул за поврзување и менаџмент на NCTS пораките со комуникациската платформа CCN/CSI (Заедничка комуникациска мрежа/Заеднички систем на поврзаност) и поврзаноста со други системи важни за NCTS – фаза 4 или следни.

- Развиен, тестиран, прифатен и имплементиран царински транзитен систем соодветен на NCTS фаза 4.0 или следни.

### 5.3 Зеадничка комуникациска мрежа/Заеднички систем на поврзаност(CCN/CSI)

Комисијата на ЕУ бара имплементација на заедничка IT платформа; заедничка комуникациска мрежа/заеднички систем на поврзаност (CCN/CSI)или нејзина алтернатива, на сите земји кандидати пред да станат членки или пред да станат нова договорна страна на Конвенцијата за заеднички транзит.

Царинската управа ќе ги изведе следниве активности поврзани со имплементацијата на CCN/CSI:

- Составување на соодветен проект тим за интерконекција
- Техничка поддршка за имплементација на IT системи за да се овозможи интероперабилност со системите на ЕЗ.
- Набавка на потребната опрема
- Рационална подготовка за употреба и интеграција на порталната инфраструктура и инсталација на порталната хардверска и софтверска опрема.
- Тест активности за прифаќање на порталот.
- Обука за работа со порталот, одржување, и централни help desk услуги.
- Организација и спроведување на тестовите за интероперабилност потребни за NCTS – фаза 4.0 или следна, заедно со Царинската управа.

## 6. ЦЕЛИ НА NCTS ФАЗА 4.0

Целиот процес на исполнување на потребните услови ќе се води според соодветни референтни документи издадени од Европската Комисија (DG TAXUD). Листата на национални и меѓународни цели, кои што се инкорпорирани во Националниот проект план NCTS, ќе бидат проследени со дефинирана временска рамка. Успехот на активностите ќе зависи од соодветно планирање и навремено извршување.

Националниот проектен план за NCTS фаза 4 изработен од Царинската управа е ставен во прилог на овој документ како Анекс. Овој план што ги содржи планираните услови и конкретните активности, ќе биде постојано разгледуван, ажуриран и испраќан до Европската Комисија, DG TAXUD, секои 3 месеци.